**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Врз основа на член 16 став (2) од Изборниот законик (Сл. весник на РМ, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/2011 и 51/11) согласно Решението на претседателот на Собранието на Република Македонија за распишување на предвремените избори за градоначалник на општината Сарај, бр. 08-4146/1 од 04.10.2011 година објавено во „Службен весник на Република Македонија", број 137 од 04.10.2011 година, Државната изборна комисија на седницата одржана на 13.10.2011 година донесе

# РОКОВНИК

## за извршување на изборните дејствија за спроведување на предвремени избори за Градоначалник на општина Сарај, кои ќе се одржат на 18-ти декември 2011 година

I. 1. **Решението на претседателот на Собранието на Република Македонија, за распишување на предвремените избори за градоначалник на општината Сарај, бр. 08-4146/1 од 04.10.2011 година е објавено во „Службен весник на Република Македонија", број 137 од 04.10.2011 година и тоа е денот од кога почнуваат да течат роковите за извршување на изборните дејствија.**

I. 2 **Изборите ќе се одржат на 18-ти декември (недела) 2011 година.**

## II. ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

II.1. Согласно преземените дејствија во врска со евентуалното дополнување на Општинската изборна комисија Сарај (ОИК Сарај) со нови членови и заменици на место на членовите и замениците на кои по разни основи евентуално им престанал мандатот, Државната изборна комисија (ДИК) во рок од **5 (пет) дена** од денот на добивањето на податоците од Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА), го дополнува составот на ОИК Сарај. (член 35 став (1)).
**најдоцна до: 24:00 часот на 17 октомври 2011 година**

II.2. ОИК Сарај доставува барање до политичките партии во опозиција, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови и политичките партии на власт, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, да достават предлози за членови и нивните заменици во избирачките одбори (ИО), заради евентуално дополнување на составот на ИО со нови членови и заменици на место на членовите и замениците на кои по разни основи, евентуално им престанал мандатот.
**најдоцна до 24:00 часот на 19 октомври 2011 година**

II.3. Политичките партии во опозиција, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови и политичките партии на власт, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, предлозите за членови на ИО и нивните заменици ги доставуваат до ОИК Сарај во рок од **5 (пет) дена** од денот на добивањето на известувањето од точката II.2.. (член 38 став (7))
**пет дена од денот на добивањето на известувањето од ОИК Сарај, најдоцна до: 24:00 часот на 24 октомври 2011 година**

II.4. ДИК во рок од **3 (три) дена** од денот на евентуалното дополнувањето на составот на ОИК Сарај, ги доставува податоците до ОИК Сарај за вработените во државната, општинската администрација, администрацијата на град Скопје и јавната администрација кои имаат живеалиште на територијата за која е надлежна ОИК Сарај, заради евентуално дополнување на составот на избирачките одбори (ИО) со нови членови и заменици, на место на членовите и замениците на кои по разни основи им престанал мандатот. (член 39 став (1))
**<u>најдоцна до:</u> 24:00 часот на 20 октомври 2011 година**

II.5. ОИК Сарај во рок од **5 (пет) дена** од денот на добивањето на податоците од точката II.4. ги дополнува ИО со нови членови и заменици на место на членовите и замениците на кои по разни основи евентуално им престанал мандатот во ИО. (член 39 став (2)).
**<u>најдоцна до:</u> 24:00 часот на 25 октомври 2011 година**

## III. ИЗБИРАЧКИ СПИСОК

III.1. ДИК најдоцна **15 дена** од денот на распишувањето на изборите, избирачкиот список го става на јавен увид во своите подрачни одделенија и месни канцеларии. **Јавниот увид трае 15 дена.** (член 49 став (1) и (4)).

Јавниот увид се врши во Подрачното одделение на ДИК во Карпош, во општината Карпош, Скопје и во Месните канцеларии на Управата за водење на матичната евиденција на територијата на општината Сарај и тоа во Сарај, с. Радуша, с. Рашче и с. Буковиќ.
**на 19 октомври 2011 година во 00:00 часот започнува јавниот увид и трае до 24:00 часот на 2 ноември 2011 година.**

III.2. ДИК, Избирачкиот список во кој се извршени сите промени кои произлегле од јавниот увид, отпечатен во вид на изводи, го заклучува најдоцна **15 дена** по завршениот јавен увид. (член 52).
**до 24:00 часот на 17 ноември 2011 година.**

III.3. ДИК го потпишува заклучениот Избирачки список, односно изводите од Избирачкиот список на кои се гласа, најдоцна **15 дена пред денот на одржување на изборите**. (член 31 став (2) точка 31)
**до 24:00 часот на 2 декември 2011 година.**

## IV. СОБИРАЊЕ НА ПОТПИСИ

IV.1. Собирањето на потписи за предлагање на листа на кандидат, **започнува 15 (петнаесеттиот) ден** од денот на распишувањето на изборите и **трае 15 (петнаесет) дена**. (член 63 став (2))

Потписите се собираат во Подрачното одделение на ДИК во Карпош, во општината Карпош, Скопје и во Месните канцеларии на Управата за водење на матичната евиденција на територијата на општината Сарај и тоа во Сарај, с. Радуша, с. Рашче и с. Буковиќ..
**на 19 октомври 2011 година во 00:00 часот започнува рокот за собирање на потписи од избирачи за предлагање на листи и трае до 24:00 часот на 2 ноември 2011 година.**

## V. ПРЕДЛАГАЊЕ НА ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ

V.1. Листата на кандидат за градоначалник на општина Сарај, овластените претставници на предлагачите ја доставуваат до ОИК Сарај. Листата на кандидат се доставува најдоцна **35 (триесет и пет) дена** пред денот на одржување на изборите. (член 66 став (3) и (4))
**<u>најдоцна до:</u> 24:00 часот на 12 ноември 2011 година**

V.2. ОИК Сарај по приемот на листата на кандидат, утврдува дали истата е поднесена во утврдениот рок и составена во согласност со одредбите на Изборниот законик. (член 37 ст. (4) т. 1 и член 67 ст. (1))
**Веднаш по приемот на листата односно најдоцна во рок од 48 часа од приемот на листата**

V.3. Ако ОИК Сарај утврди дека листата е поднесена во определениот рок и е составена во согласност со одредбите на Изборниот законик, односно констатираните неправилности или пропусти, подносителите на листата ги отстраниле во законскиот рок, поднесената листа ќе ја потврди со решение. (член 37 ст. (4) т.1 и 2 и член 67 став (3))
**Веднаш по приемот на листите односно најдоцна во рок од 48 часа од приемот на листата**

V.4. Ако ОИК Сарај утврди дека во листата има одделни неправилности, ќе го повика овластениот претставник на подносителот на листата, да ги отстрани неправилностите во рок од **48 (четириесет и осум) часа** од приемот на листите. (член 37 ст. (4) т. 1 и член 67 став (2))
**Веднаш по приемот на листите односно најдоцна во рок од 48 часа од приемот на листата**

V.5. Ако ОИК Сарај утврди дека листата е поднесена ненавремено, односно констатираните неправилности или пропусти, подносителот на листата не ги отстранил во рокот утврден во Изборниот законик, поднесената листа ќе ја отфрли со решение во рок од **24 (дваесет и четири) часа** од приемот на листата. (член 37 ст.(4) т. 1 и член 67 став 4)
**Во рок од 24 часа од приемот на листата**

V.6. Редоследот на листите на кандидат, ОИК Сарај го утврдува со ждрепка. ОИК Сарај, за активностите што ќе ги преземе во согласност со Изборниот законик, задолжително претходно ги известува овластените претставници на подносителите на листите. ОИК Сарај, утврдената единствена листа на кандидат за градоначалник на општина Сарај веднаш ја доставува до ДИК (член 37 ст.(4) т. 2 и член 68)
**Најдоцна до 24:00 часот на 20 ноември 2011 година ОИК Сарај ги известува овластените претставници на подносителите на листите за одржување на ждрепката.**
**Ждрепката за утврдување на единствена листа на кандидат за избор на градоначалник на општина Сарај, ОИК Сарај ќе ја одржи на 21 ноември 2011 година.**
**ОИК Сарај, утврдената единствена листа на кандидат за избор на градоначалник на општина Сарај ќе ја достави до ДИК најдоцна до 24:00 часот на 21 ноември 2011 година.**

V.7. ОИК Сарај, утврдената единствена листа на кандидат, ќе ја огласи најдоцна **25 (дваесет и пет) дена** пред денот определен за одржување на изборите во сите населени места и на избирачките места во општината. Утврдената листа на кандидати за градоначалник на општина Сарај се објавува покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на албански јазик и неговото писмо. (член 37 ст.(2) т. 4 и член 69 став (4), (5) и (6))
**Рок: најдоцна до 24:00 часот на 22 ноември 2011 година**

## VI. ПРЕДЛАГАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ЛИСТАТА

VI.1. Секој подносител на листа на кандидат за избор на градоначалник на општина Сарај, има право да определи претставник и негов заменик кои ќе ја следат работата во изборните органи од започнувањето на изборите се до утврдувањето и објавувањето на резултатите. Овластен претставник и негов заменик пред изборните органи не може да биде лице утврдено за кандидат. (член 22 став (1) и (3))
**најдоцна до:** **почнувајќи од 4 октомври 2011 година па до утврдувањето и објавувањето на резултатите**

VI.2. Подносителот на листата на претставникот и неговиот заменик кои ќе ја следат работата во ДИК, му издава овластување и за тоа ја известува ДИК најдоцна **7 (седум) дена** пред денот на изборите. (член 22 став (4)).
**најдоцна до:** **веднаш а најдоцна до 24:00 часот на 10 декември 2011 година**

VI.3. Подносителот на листата на претставниците и нивните заменици, кои ќе ја следат работата во ОИК Сарај и ИО во надлежност на ОИК Сарај, им издава овластување и за тоа ја известува ОИК Сарај најдоцна **7 (седум) дена** пред денот на изборите. (член 22 став (4)).
**најдоцна до:** **веднаш а најдоцна до 24:00 часот на 10 декември 2011 година**

## VII. ЕДУКАЦИЈА НА ИЗБОРНИТЕ ОРГАНИ

VII.1. ДИК врши задолжителна едукација на членовите на ОИК Сарај и им издава уверенија на начин и во рокови пропишани со програмата (член 31 став (2) точка 7)
**Едукацијата на ОИК Сарај, ДИК ќе ја спроведе во периодот од 1 до 14 ноември 2011 година**

VII.2. ОИК Сарај ја организира и спроведува едукацијата на членовите на ИО според планот и програмата на ДИК пред секои избори и им издава уверенија за завршена обука (член 37 став (2) точка 5)
**Едукацијата на ИО, ОИК Сарај ќе ја спроведе во периодот од 25 ноември до 10 декември 2011 година**

## VIII. ИЗБОРНА КАМПАЊА

VIII.1. Организаторот на изборната кампања во банка во Република Македонија задолжително отвора жиро–сметка со назнака „за изборна кампања", во рок од **48 (четириесет и осум) часа по потврдувањето на листата на кандидат** за градоначалник на општина Сарај и во тој рок од 48 часа, доказот за отворена жиро – сметка го доставува до ОИК Сарај (член 71 став(1))
**најдоцна до:** **веднаш а најдоцна во рок од 48 часа**

VIII.2. **Изборната кампања** (јавно собирање и други јавни настани организирани од страна на организаторот на кампањата, јавно истакнување на плакати, видео презентации на јавни места, изборно медиумско и интернет претставување, дистрибуирање на печатени материјали и јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми) започнува **20 (дваесет) дена** пред денот на изборите и во првиот и вториот круг на гласање не смее да трае **24 (дваесет и четири) часа** пред денот на изборите и на денот на изборите. (член 69-а)
**на 28 ноември 2011 година во 00:00 часот започнува изборната кампања и завршува на 16 декември 2011 година во 24:00 часот**

VIII.3. Радиодифузерите и печатените медиуми се должни во рок од **5 (пет) дена** од денот на распишување на изборите да утврдат ценовници за платено политичко рекламирање на изборните програми и на кандидатите на учесниците во изборниот процес. Во периодот од утврдување на ценовниците до започнување на изборната кампања, медиумите се должни **најмалку двапати**, јавно да ги објават ценовниците на своите програми, односно во своите печатени изданија. (член 75-а став (2), (3), (4) и (6))
**најдоцна до:** **24:00 часот на 9 октомври 2011 година да утврдат ценовници за платено политичко рекламирање**

VIII.4. Резултати од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес се објавуваат најдоцна **5 (пет) дена** пред денот определен за одржување на изборите. (член 77)
**најдоцна до:** **24:00 часот на 12 декември 2011 година**

VIII.5. Општината Сарај е должна да ги објави условите за добивање право за користење на местата за истакнување изборни плакати, најдоцна **50 (педесет) дена** пред одржувањето на изборите. (член 78 став (5))
**најдоцна до:** **24:00 часот на 28 октомври 2011 година**

# IX. ИЗБИРАЧКИ МЕСТА

IX.1. Промена на описите на избирачките места може да се врши најдоцна **30 (триесет) дена** пред денот определен за изборите. ДИК донесува решение со кое ја утврдува промената на описот на избирачкото место. (член 169).
<u>најдоцна до:</u> **24:00 часот на 17 ноември 2011 година**

IX.2. ОИК Сарај најдоцна **15 (петнаесет) дена** пред денот определен за одржување на изборите, ќе ги објави на видно место описите на избирачките места кои се определени за гласање со назначување од кое подрачје избирачите ќе гласаат на одделно избирачко место. (член 170 став (1) и (2))
<u>најдоцна до:</u> **24:00 часот на 2 декември 2011 година**

IX.3. ДИК задолжително организира информирање на избирачите со објавување на описите на избирачките места во печатот и другите средства за јавно информирање најдоцна **15 (петнаесет) дена** пред денот определен за избори. Во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, објавувањето се врши покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмо што го употребуваат граѓаните во таа општина. (член 170 став (3) во врска со членовите 31 став (4) и 69 став(6))
<u>најдоцна до:</u> **24:00 часот на 02 декември 2011 година**

# X. НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

X.1. Организациите и лицата од член 161 од Изборниот законик доставуваат барање за набљудување до ДИК од денот на распишувањето на изборите а **најдоцна 10 (десет) дена** пред денот на гласањето. (член 162 став (2))
<u>најдоцна до:</u> **барање за набљудување на изборите се доставува почнувајќи од 4 октомври 2011 година а најдоцна до 24:00 часот на 7 декември 2011 година**

X.2. ДИК им издава овластувања на набљудувачите **најдоцна 7 (седум) дена** по приемот на барањето – (член 162 став (3))
**најдоцна во рок од седум дена по приемот на барањето**

# XI. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ – ПРВ КРУГ

XI.1. Избирачот кој не е во можност да гласа на гласачкото место (немоќно или болно лице) а сака да гласа за тоа ќе ја извести ОИК Сарај **најдоцна 3 (три) дена** пред денот определен за гласање. (член 111 став (1))
<u>најдоцна до:</u> **24:00 часот на 14 декември 2011 година**

XI.2. ДИК изборниот материјал го предава на ОИК Сарај најдоцна **во рок од 72 (седумдесет и два) часа** пред денот определен за одржување на изборите. (член 91 став (1))
<u>најдоцна до:</u> **24:00 часот на 14 декември 2011 година**

XI.3. ОИК Сарај е должна **1 (еден) ден** пред денот определен за одржување на изборите да го предаде изборниот материјал на ИО (член 92 став (1))
<u>најдоцна до:</u> **24:00 часот на 17 декември 2011 година**

XI.4. Болните и немоќни лица гласаат во нивните домови **1 (еден) ден** пред денот определен за одржување на изборите. (член 111 став (3)) **на 17 декември 2011 година**

Избирачите кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување на казна затвор или се во притвор гласаат во казнено – поправните домови **1 (еден) ден** пред денот определен за одржување на изборите. (член 113 став (2) и (4)) **на 17 декември 2011 година**

Лицата со статус внатрешно раселени лица гласаат во колективните домови и прифатните центри каде што се сместени **1 (еден) ден** пред денот определен за одржување на изборите. (член 194 став (3) во врска со член 113 став (4)) **на 17 декември 2011 година**

**XI.5.** Гласањето започнува во **07:00 часот и трае непрекинато до 19:00 часот на 18 декември (недела) 2011 година**

**XI.6.** Во **19:00 часот на денот на гласањето** гласачките места се затвараат. На избирачите затекнати во објектот каде што се гласа им се овозможува да гласаат. (член 101 став (1) и (2))

**XI.7.** Записниците и другиот изборен материјал, ИО ги доставува до ОИК Сарај **во рок од 5 часа** по завршувањето на гласањето. (член 118 став (1) и (4))

**XI.8** ОИК Сарај, во рок од пет часа од приемот на целокупниот изборен материјал од ИО, ги сумира резултатите од гласањето за листата на кандидати од избирачките места за кои е надлежна, составува записници и истите и ги предава на ДИК. (член 37 став (14) и (15))

**XI. 9.** ОИК Сарај **првичните резултати** од изборите за градоначалник на општина Сарај ги објавува во рок од **7 часа** по завршувањето на изборите врз основа на податоците од ИО и ги истакнува на огласна табла во општината и ги соопштува на јавните гласила. (член 136 став (1))

**XI.10.** ДИК **првичните резултати** од изборите добиени по електронски пат ги објавува сукцесивно, а резултатите врз основа на податоците од записниците од ОИК Сарај во рок од **12 часа** по завршувањето на изборите. (член 135 став (1))

**XI.11. Конечните резултати** од изборите за градоначалник на општина Сарај, ОИК Сарај ги објавува **веднаш а најдоцна во рок од 24 часа** од денот на нивната конечност. (член 136 став (3))

**XI.12.** ДИК **конечните резултати** од изборите ги објавува **веднаш а најдоцна во рок од 24 часа** од денот на нивната конечност. (член 135 став (2))

## XII. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ – ВТОР КРУГ

**XII.1.** Ако во првиот круг ниту еден кандидат за градоначалник на општина Сарај не го добил потребното мнозинство гласови, согласно со членот 132 став (1) од Изборниот законик, во вториот круг се гласа за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најмногу гласови. Вториот круг на гласање се одржува во рок од **14 (четиринаесет) дена** од денот на завршувањето на првиот круг на гласањето односно **на 1 јануари 2012 година.** (член 133 став (1) и (2))

**XII.2. Изборната кампања** (јавно собирање и други јавни настани организирани од страна на организаторот на кампањата, јавно истакнување на плакати, видео презентации на јавни места, изборно медиумско и интернет претставување, дистрибуирање на печатени материјали и јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми) започнува **20 (дваесет) дена** пред денот на изборите и во првиот и вториот круг на гласање не смее да трае **24 (дваесет и четири) часа** пред денот на изборите и на денот на изборите. (член 69-а)
**Изборната кампања во вториот круг завршува на 30 декември 2011 година во 24:00 часот**

**XII.3.** Испитувањето на јавното мислење се објавува најдоцна **до 24:00 часот на 26 декември 2011 година.** (член 76)

**XII.4.** Избирачот кој не е во можност да гласа на гласачкото место (немоќно или болно лице) а сака да гласа за тоа ќе ја извести ОИК Сарај **најдоцна 3 (три) дена** пред денот определен за гласање. (член 111 став (1))
**Рок: до 24:00 часот на 28 декември 2011 година**

**XII.5.** ДИК изборниот материјал го предава на ОИК Сарај најдоцна **во рок од 72 (седумдесет и два) часа** пред денот определен за одржување на изборите. (член 91 став (1))
**Рок: најдоцна до 24:00 часот на 28 декември 2011 година**

**XII.6.** ОИК Сарај е должна **1 (еден) ден** пред денот определен за одржување на изборите да го предаде изборниот материјал на ИО. (член 92 став (1))
**Рок: најдоцна до 24:00 часот на 31 декември 2011 година**

**XII.7.** Гласањето започнува во **07:00 часот и трае непрекинато до 19:00 часот на 1 јануари (недела) 2012 година**

**XII.8.** Во **19:00 часот на денот на гласањето** гласачките места се затвораат. На избирачите затекнати во објектот каде што се гласа им се овозможува да гласаат – (член 101 став (1) и (2))

**XII.9.** Записниците и другиот изборен материјал, ИО ги доставува до ОИК Сарај **во рок од 5 часа** по завршувањето на гласањето. (член 118 став (1) и (4))

**XII.10.** ОИК Сарај, во рок од пет часа од приемот на целокупниот изборен материјал од ИО, ги сумира резултатите од гласањето за листата на кандидати од избирачките места за кои е надлежна, составува записници и истите и ги предава на ДИК. (член 37 став (14) и (15))

**XII. 11.** ОИК Сарај **првичните резултати** од изборите за градоначалник на општина Сарај ги објавува во рок од **7 часа** по завршувањето на изборите врз основа на податоците од ИО и ги истакнува на огласна табла во општината и ги соопштува на јавните гласила. (член 136 став (1))

**XII.12.** ДИК **првичните резултати** од изборите добиени по електронски пат ги објавува сукцесивно, а резултатите врз основа на податоците од записниците од ОИК Сарај во рок од **12 часа** по завршувањето на изборите. (член 135 став (1))

**XII.13. Конечните резултати** од изборите за градоначалник на општина Сарај, ОИК Сарај ги објавува **веднаш а најдоцна во рок од 24 часа** од денот на нивната конечност. (член 136 став (3))

**XII.14.** ДИК **конечните резултати** од изборите ги објавува **веднаш а најдоцна во рок од 24 часа** од денот на нивната конечност. (член 135 став (2))

**XII.15.** Ако и по вториот круг од кои било причини не се изврши избор на градоначалник, ОИК Сарај во рок од **15 (петнаесет) дена** од завршувањето на изборите ја известува Владата. (член 134 став (1))

## XIII. ЗАШТИТА НА ИЗБИРАЧКОТО ПРАВО

**XIII.1.** Против решението на ОИК Сарај од член 67 став (4), може да се поднесе тужба до Управниот суд, во рок од 24 часа од приемот на решението. Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 24 часа од приемот на тужбата. Доставување на приговор и тужба по пошта не е дозволено. (член 67 став (5), (7) и (8))

**XIII.2.** Секој подносител на листа на кандидати во постапката за гласање, сумирање и утврдување на

резултатите од гласањето може да поднесе приговор до Државната изборна комисија. Приговорот се поднесува во рок од 48 часа по завршувањето на гласањето односно објавување на првичните резултати. Државната изборна комисија е должна во рок од 48 часа по приемот на приговорот да донесе одлука. Одлуката по приговорот се доставува во електронско сандаче за прием на писмена и одлуката се смета за доставена во рок од пет часа од доставувањето во електронското сандаче. Против одлуката на Државната изборна комисија, подносителот на приговорот по кој одлучувал Државната изборна комисија може да поднесе тужба до Управниот суд во рок од 48 часа од приемот на решението. (член 148)

Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 48 часа по приемот на тужбата. Одлуките по приговор и тужбата со самото донесување се објавуваат на интернет страницата на Управниот суд, Државната изборна комисија, ОИК Сарај и на друг соодветен начин. (член 150)

**XIII.3.** Секој избирач на кого му е повредено избирачкото право во постапката на спроведување на гласањето може да поднесе приговор до Државната изборна комисија во рок од 24 часа. Секој избирач на кого му е повредено избирачкото право во постапката за спроведување на гласањето во странство може да поднесе приговор до Државната изборна комисија во рок од 24 часа по брза пошта, а времето на поднесување на приговорот се смета од времето на предавањето на пратката. Државната изборна комисија е должна во рок од 4 часа по приемот на приговорот да донесе одлука. Против одлуката на Државната изборна комисија може да се поднесе тужба до Управниот суд, во рок од 24 часа по приемот на решението. Ако одлуката се однесува на одредено дејствие на избирачкиот одбор, а процесот на гласање е во тек, на избирачот ќе му се овозможи остварување на избирачкото право. (член 149)

Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 48 часа по приемот на тужбата. Одлуките по приговор и тужбата со самото донесување се објавуваат на интернет страницата на Управниот суд, Државната изборна комисија, ОИК Сарај и на друг соодветен начин. (член 150)

**XIII.4.** Државната изборна комисија по службена должност, или по поднесен приговор, со решение го поништува гласањето на гласачкото место во случаите од член 151 став (1) алинеи 1, 2, 3, 4, 5 и 6. Државната изборна комисија со решение ќе го повтори гласањето на гласачките места каде што гласањето е поништено, само ако вкупниот број на запишани избирачи на тие избирачки места на ниво на општината влијае врз вкупните резултати. Против решението од член 151 ставови (1) и (2) може, во рок од 24 часа од приемот на решението, да се поднесе тужба до Управниот суд преку Државната изборна комисија. Управниот суд е должен да постапи по тужба во рок од 48 часа по нејзиниот прием. Гласањето на гласачкото место кое е поништено ќе се повтори по 14 дена од денот на гласањето. (член 151)

XIV. Овој роковник стапува во сила со денот на неговото донесување и веднаш ќе биде објавен на веб – сајтот на Државната изборна комисија, http://www.sec.mk.

**Број** 11-3389/1

14. 10. **2011 година**

**СКОПЈЕ**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Борис Кондарко**

*Изготвил: Добре Јанчев*